РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-1972/1
19.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај за **18.04.2024 година.**

Во рамки на овој извештај Ве известуваме дека согласно одредбите од Законот за медиуми (членови од 17 до 28), Агенцијата испрати до ТВ Алфа барање за одговор, поради објава на злонамерна информација во изданието на емисијата „Заспиј ако можеш", емитувано на 16 април 2024 година. Во споменатото издание, новинарот Горан Момировски, меѓудругото тврдеше дека Агенцијата се меша во уредувачката политика на ТВ Алфа и дека неформално ѝ се заканува на ТВ Алфа дека може да биде затворена доколку нема „*некаква избалансираност којашто е многу субјективна*". Ваквата информација не само што не е точна, туку со неа намерно се доведува во заблуда јавноста, поради што Агенцијата побара од ТВ Алфа да го објави нејзиниот одговор и воедно ја извести јавноста преку соопштение за јавност. Соопштението е објавено на веб страницата на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele СКОПЈЕ / SHKUP